# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 1 Јануари 2015 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден**

**Арх.бр.08-197/2**
**од 21.01.2015 година**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за недавање позитивно мислење за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „с.Ајватовци“ Општина Илинден**

Се објавува Одлуката за недавање позитивно мислење за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „с.Ајватовци“ Општина Илинден, бр.07-95/4 од 20.01.2015 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на дваесет и деветтата редовна седница одржана на ден 20.01.2015 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-1971**
**Од 21.01.2015г.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 14 од Законот за минерални суровини (Сл.весник бр.136/12, бр.25/13, бр.93/13, бр.44/14 и бр.160/14) и член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 20.01.2015 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за недавање позитивно мислење за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „с. Ајватовци“ Општина Илинден**

**Член 1**

Советот на општина Илинден **не дава позитивно мислење** по Барањето бр.08-72/1 од 12.01.2015 година доставено до Општина Илинден, за давање на мислење за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот с.„Ајватовци“ доставено од Влада на Република Македонија, а во врска со поднесено Барање на Друштвото за производство, трговија и услуги АРБ КОМЕРЦ Мендерес Кучи ДООЕЛ експорт-импорт Тетово.

**Член 2**

Локалитетот „с.Ајватовци“ за кој е поднесено Барање за давање на мислење за доделување на концесија опфаќа повеќе инфраструктурни објекти кои се во функција и тоа: пристапни патишта до обработливите земјоделски површини и крак од Гасоводен систем кој е во функција на Технолошко индустриски развојни зони.

Градежните парцели кои граничат со локацијата се со следните намени: домување, откупно дистрибутивен центар за земјоделски производи, преработка на млеко и млечни производи и кондиторски производи.

Предмет на Барањето е доделување на концесија за 200 ха површина додека од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со Решение бр. 22-10712/6 од 20.11.2012 година е дадено позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за површина од 3 ха и 44 $м^2$, поради што постои несоодветност на површината која е предмет на барањето за давање на мислење за доделување на концесија.

Во Решенијата за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина издадени од Министерство за животна средина под бр.11-1732/2 од 07.04.2010 година и бр.11-4503/2 од 16.11.2011 година е наведено дека локалитетот „Ајватовци“ не се наоѓа на територијата на општина Илинден туку на територија на општина Гази Баба со што сметаме дека Решението не се однесува на предметната локација и не се земени сите фактори во предвид.

Метеролошко-климатолошкиот потенцијал, појава на магла и ниският степен на атмосферски струења дополнително индустријата и патниот сообраќај предизвикуваат загаденост на воздухот на Скопската котлина што се карактеризира со особено зголемено ниво на суспендирани честички PM 10 и нивна дифузија и дисперзија. Експолатацијата и поставување на инсталациите за експлоатација на минерална суровина глина претставува особено потенцијален ризик за нарушување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Потенцијални ризици од вршењето на експлоатацијата на минерална суровина-глина и поставување на инсталации на локалитетот „с.Ајватовци“ се:

- Нарушување/Деградација на земјиштето што може да резултира со зголемена ерозија на почвата и со појава на истечни води богати со седимент што дополнително ќе допринесе за покачување на подземните води ќе доведе до одреден степен на загадување и намалување на квалитетот и употребливоста на површинските и подземните води;

-Појава на штетни елементи а особено лебдечки фракции од минерална прашина со што дополнително ќе се покачи концентрацијата на суспендирани честички PM 10 во воздухот и

-Загадување на шумскиот фонд и земјоделското земјиште, менување на плодноста и својствата на почвата.

Советот на Општина Илинден не дава позитивно мислење по Барањето бр.08-72/1 од 12.01.2015 година доставено од Влада на Република Македонија поради горенаведените причини, како и поради тоа што за доделување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот с.„Ајватовци“ на Друштвото за производство, трговија и услуги АРБ КОМЕРЦ Мендерес Кучи ДООЕЛ експорт-импорт Тетово од страна на Советот на општина Илинден веќе е одлучувано по Барање бр.08-2406/1 од 20.09.2012 година со Одлука бр.07-3029/9 од 27.11.2012 година објавена во Службен гласник на општина Илинден бр.14 од ноември 2012 година и по Барање бр.08-3554/1 од 27.12.2013 година со Одлука бр.07-3495/11 од 30.12.2013 година објавена во Службен гласник на општина Илинден бр.15 од декември 2013 година, со кои не е дадено позитивно мислење за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина глина на локалитетот „Ајватовци“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 07-95/4**
**Од 20.01.2015 година**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

# СОДРЖИНА

**1.**Решение за објавување на Одлуката за недавање позитивно мислење за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот„с.Ајватовци“ Општина Илинден, бр.08-197/1 од 21.01.2015 година и

**2.**Одлука за недавање позитивно мислење за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „с.Ајватовци“ Општина Илинден, бр.07-95/4 од 20.01.2015 година.